# VI тема: Античко наследство во Македонија

## VI 1.1. Увод и археолошки наоѓалишта

Изготвил: Ненад Начковски

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# 1. Увод. Што е археологија?



- Македонија изобилува со наследство од антиката, па дури и со остатоци од праисторијата.
- Поволната географска местоположба и плодната долина на реката Вардар овозможила развој на населби и вкрстување на разновидни култури кои тука оставиле печат на своето постоење.
- Што е археологија? (бура на идеи)
- Археологијата води потекло од два старогрчки збора, стгрч. ἀρχαῖος, што значи древен, стар, и стгрч. λόγος што значи учење, наука.
- Археологијата е наука што се занимава со систематско (постапно) откривање, проучување и заштита на пронајдените објекти и предмети. Ја нарекуваат и како „наука за старината“.



**Што е артефакт?**
**Артефакт е археолошки наод кој има уметничка вредност.**



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# 2. Видови на извори за расветлување на минатото





- Сознанијата за минатото науката ги црпи од повеќе видови на извори:
  - Усни
  - Пишани
  - Материјални
- Усните извори се пренесуваат преку усно книжевно предание, од едно на друго поколение. Тие се нестабилни и подложни на промени.
- Пишаните извори се пренесуваат преку материјалите за пишување (глинени плочки, папирусни свитоци, пергаментни кодекси, натписи, ковани монети).
- Материјалните извори се опипливи и видливи остатоци, градби, патишта, артефакти, предмети за употреба (садови, оружје, орудија, накит), коски, ковани монети и друго.



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# 3. Вија Егнатија



Остатоци од Вија Егнатија во близина на Солун (Грција)

- Во Македонија постојат многубројни археолошки наоѓалишта или локалитети од разни историски периоди, па дури и од праисторискиот.
- Нам ни се значајни оние наоѓалишта кои датираат од периодот на антиката, особено од времето на античка Македонија, хеленизмот и по римските освојувања поради природата на предметот кој го проучуваме.
- Низ нашата држава минувала римската магистрала позната како Вија Егнатија (лат. Via Egnatia = Егнатиев пат).
- Таа се протега од градот Дирахиј (денешен Драч) во Албанија па сè до Бисантиј (денешен Истанбул).
- Во Македонија ги минува античките градови Лихнид (денешен Охрид) и Хераклеја Линкестидска (денешна Битола) кон Солун (Тесалоника).

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# Патна траса на Вија Егнатија
# од Дирахиј до Биѕантиј (Константинопол)





Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# 4. Локалитети (археолошки наоѓалишта)



Билазора



Исарот

- Во Македонија откриени се околу 5.000 археолошки наоѓалишта, меѓу кои најзначајни и најпромовирани се следниве:
- **Скупи** (лат. Scupi), во близина на Скопје,
- **Стоби** (лат. Stobi), во близина на Велес,
- **Хераклеја Линкестидска** (лат. Heraclea Lyncestis), во близина на Битола и
- **Лихнид** (лат. Lychnidus), во близина на Охрид.
- Покрај овие, други не помалку значајни наоѓалишта се Баргала (во близина на Штип), Исарот (во близина на с. Марвинци, гевгелиско подрачје), Вардарски Рид (гевгелиско подрачје во правец на јужната граница), Билазора (позната како Градиште во Овче Поле), Еударист (кавадаречка област), Антигонеја (неготинска област) и многу други.

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# Училишна задача:
# Пронајди извори и презентирај!



1. Пронајди три пишани и три материјални археолошки извори на интернет.
2. Вметни ги во Мајкрософт Ворд или Пауерпоинт.
3. Презентирај ги за време на час и прикачи ги во твојата папка во Мајкрософт Тимс.



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND